РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 3416/2
21-05-2020 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава со наводи за постоење на судир на интереси од познат подносител, на 30 - та седница прво продолжение одржана на ден 18 мај 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-3416/1 од 03.07.2019 година доставена од познат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-3416/1 од 03.07.2019 година.

Предметот со број 09-3416/1 од 03.07.2019 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-3416/1 од 03.07.2019 година е оформен врз основа на пријава по електронска пошта со наводи дека во јавно претпријатие во Кичево се вработуваат лица на нетранспарентен начин, со тоа што непотизмот бил на највисоко ниво.

Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до подносителот преку неговата електронска пошта за достава на дополнителни информации во однос на тоа, кои се лицата што се вработени во наведеното претпријатие и во кој временски период, но Државната комисија не доби повратен одговор од подносителот на пријавата од 03.04.2020.

Согласно наведеното, Државната комисија констатира дека нема доволно елементи врз основа на кои Државната комисија може да постапува.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Кате Здравкоска, советник
Одобрил: Горан Трпеноски, член на ДКСК